ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ,
ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЗА

НАБАВКА НА

масло за горење - мазут М1:

ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола и

ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј

Кон јавен повик

бр. 01-144/2025

# С О Д Р Ж И Н А


1. Општи Информации
2. Способност на понудувачи

Прилози на Тендерската документација

- Прилог бр. 1 Образец на понуда
- Прилог бр. 2 Образец на Договор
- Прилог бр. 3 Изјава за прифаќање на условите од тендерот
- Прилог бр. 4 Изјава дека во последните пет (5) години не ми е изречена правосилна судска пресуда
- Прилог бр. 5 Техничка спецификација

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

1.1 Договорен орган:

А.Д. за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост-Скопје, Подружница Дирекција-Скопје. Адреса на купувачот: 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје

Контакт лица, телефони, факс и е-маил на купувачот:

Милутин Ристески тел. 02/3149-267,

Никола Стојановски тел. 02/3149-127

Пецаков Емил тел. 02/3149-258

е-маил: milutin.risteski@elem.com.mk

1.2 Вид на постапка :

- Јавен повик ,без примена на Законот за Јавни набавки согласно член 23, став 1, точка 10 од истиот

1.3 Предмет на набавката масло за горење - мазут М1 и тоа:

ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола 5.500 тони и

ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј 8.600тони

Напомена:

-Постапката е деллива на ДЕЛ-ови. Секој понудувач може да даде понуда за еден или за двата ДЕЛ-а. Делумна понуда во рамките на еден ДЕЛ не е дозволена.

-Количините се ориентациони и не се обврзувачки за купувачот. Зависно од цените во текот на важност на договорот, тие можат и да се надминат или да бидат помали.

-Потребно е да се понуди тип на мазут кој согласно регулативите во државата моментално е одобрен за продажба и користење. Купувачот ќе бара испорака мазут кој во моментот е одобрен со регулатива во државата.

1.4 Вид на договор, рокови и динамика на испорака, и траење на договорот:

- Договор за набавка на стока
- Рокови и динамика на испорака: согласно Член 3 од Моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација.
- Договорите ќе се склучи со важност до целосно исполнување на вкупната финансиска рамка по ДЕЛ, предвидена во Член 2 од Моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација

1.5 Краен рок за доставување на понудите: 15.12.2025 год. до 09:30 часот (до овој рок понудите да бидат во архивата на АД ЕСМ)

- Задоцнетите понуди, по истекот на крајниот рок за доставување се прогласуваат за задоцнети и им се враќаат на понудувачите.

1.6 Начин и адреса за доставување на понудите:

- Понудата се доставува во затворен коверт со назнака„ не отварај", понуда по„ јавен повик за набавка на масло за горење Мазут, и тоа: „ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола и ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј", со повикување на бројот на повикот.
- Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса:

  А.Д. за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, ул. 11 Октомври бр 9, Скопје.

1.7 Место датум и час на јавното отворање на понудите:

– Јавното отворање на понудите ќе се изврши во крајниот термин за доставување на понудите утврден во точка 1.5, во просториите на Дирекцијата на А.Д. "ЕСМ", во присуство на овластените претставници на понудувачите.

1.8 Јазик на тендерска документација и понуда

- Тендерската документација е достапна на Македонски јазик
- Јазик на кој се доставува понудата: Македонски јазик.

1.9 Применливи прописи

Оваа постапка не се спроведува согласно со Законот за јавните набавки, согласно Член 23, став 1, точка 10 од истиот.

При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид: Законот за енергетика (сл. весник на РСМ бр. 96/18 и 96/19), Правилникот за лиценци (сл. весник на РСМ бр. 51/19, 54/19 , 214/19, 114/20 и 246/20 ), Правилник за квалитет на течни горива (важечки), како и важечките прописи од областа даноците, акцизи и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа и други закони релевантни за предметот на договорот. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Северна Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа) и сите други надлежни институции.

2. <u>УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИ</u>

Услови за утврдување способност

При утврдување на способноста на понудувачите, купувачот утврдува:

-дали постојат причини за исклучување од постапката,

-дали се исполнети условите за квалитативен избор и

-дали се исполнети стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина

2.1 Причини за исклучување од постапката:

2.1.1 Купувачот го исклучува од постапката за јавна набавка понудувачот доколку утврди дека на понудувачот или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој понудувачот или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

2.1.2.Купувачот го исклучува од постапката за јавна набавка понудувачот:

а) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

б) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

в) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

г) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

д) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

ѓ) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

2.1.3.Купувачот ќе го исклучи понудувачот од постапката за јавна набавка:

а) доколку купувачот оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) доколку купувачот покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, наплата на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, барање оштета, барање наплата пенали/договорна казна, или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

в) доколку купувачот незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

## 2.2 Докажување на способноста за неисклучување од постапката

2.2.1 Понудувачите како докази дека нема причини за исклучување од постапка, доставуваат Единствен документ за докажување на способноста или потврди, изјави и др. документи како што се:

- Изјава со која потврдува на понудувачот или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој понудувачот или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик: учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси,тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, Пополнета и заверена Изјава прилог 4;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

2.2.2 Потврдите спомената во точка 2.1.2 ги издава надлежен орган во Република Северна Македонија (Централен регистар и Управа за јавни приходи) или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста ко земјата во која е регистриран понудувачот не ги издава документите од точка 2.1.2 од оваа ТД или ако тие не ги опфаќаат сите случаи барани во условот, купувачот прифаќа изјава што понудувачот ја заверува кај надлежен орган (нотар или сл.) во која ќе појасни кои документи не се издаваат, кои евентуално документи се издаваат како замена на бараните, и истите ќе ги достави.

2.2.3 Документите од членот точките 2.1.1 и 2.1.2 не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди.

2.2.4 Во случај на група понудувачи, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата способноста за неисклучување од постапката.

2.2.5 Купувачот го задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи.

## 2.3 Услови за квалитативен избор на економските оператори се:

а) способност за вршење професионална дејност;
б) економска и финансиска состојба и
в) техничка и професионална способност.

2.3.1 Способност за вршење професионална дејност

Услови:

- понудувачот да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка.
- да има важечка Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со мазут М-1

Докази:

како доказ за исполнување на условите за професионална способност понудувачот задолжително доставува:

- потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овој документ е Централниот регистар на Република Северна Македонија.
- копија од Лиценца издадена од Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

2.3.1.1 Купувачот го задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи

2.3.2 Економско финансиска состојба - не се бараат услови и докази

2.3.3 Техничка или професионална способност - не се бараат услови и докази

2.3.4 Стандарди за системи на квалитет- не се бараат услови и докази

2.3.5 Стандарди за управување со животната средина- не се бараат услови и докази

## 3. Принцип на една понуда

Секој понудувач или група на понудувачи, доставува само една понуда без варијанти. Поднесените повеќе понуди и понуда во варијанти, се елиминираат. Не е дозволено алтернативна понуда.

## 4. Трошок за поднесување на понуди

Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 5. Критериуми за избор на најповолен понудувач

Критериуми за избор на најповолна понуда : Најниска цена

## 6. Подготовка на понудите

Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација добиена од страна на договорниот орган и се состои од следниве елементи:

- пополнет образец на понуда со финансиски дел (Прилог бр.1)
- заверен модел на договор (Прилог бр.2)
- Изјава за исполнување на условите од тендерот (прилог 3)
- Изјава дека во последните пет (5) години не ми е изречена правосилна судска пресуда (Прилог 4)
- документација со која се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката

- заверена и потпишана техничката спецификација. (Прилог бр.5)
- документи за докажување на квалитативен избор:
  -способност за вршење професионална дејност
- Гаранција на понудата во оригинал

7. Цена на понудата

Понудата треба да ги содржи сите единечни и вкупни цени и вкупна вредност на понудата согласно барањата на повикот и образецот на понудата.

Единечната цена на мазутот М-1 НС, се формира согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија, во која е пресметан ДДВ, акциза, зависни трошоци, попусти и истовар, на денот на испораката.

Цената на превозот на мазутот и дадениот попуст се фиксни за цело времетраење на Договорот.
Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата во архивата на купувачот.

8. Валута на понудата и услови на плаќање

Валута на понудата е Македонски Денар (МКД).
Понудувачот треба да го прифати начинот на плаќање, како и рокот на плаќање, дефинирани со одредбите од моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација.

9. Важноста на понудата:

Понудата треба да содржи рок на важност (*минимум 30 дена*). Понудата се поднесува во оригинал. Секоја страна од понудата се потпишува и заверува од страна на одговорното лице на понудувачот.

10. Појаснување на тендерската документација

- Секој понудувач кој презел ТД од Купувачот, може да побара појаснување на тендерската документација од Купувачот, исклучиво во електронска форма, преку електронска пошта на контактите од Т 1.1 од оваа ТД, најдоцна 2 дена, пред крајниот рок за поднесување на понудите.
- Појаснувањето Купувачот ќе го достави преку преку електронска пошта до сите понудувачи кои до тој момент презеле ТД и ќе го вклучи како дел од ТД за идните понудувачите кои ќе подигната ТД после ваквите појаснувања, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
- Купувачот задржува право, на барање од понудувачите или по свое наоѓање во текот на траењето на огласот да направи измени во тендерската документација и во таков случај истите ќе го достави преку преку електронска пошта до сите понудувачи кои до тој момент презеле ТД.

11. Отворање и евалуација на понудите

Јавното отворање се врши од страна на Комисијата за набавки на купувачот и во присуство на овластени претставници на понудувачите (со задолжително писмено овластување) кои одлучиле да присуствуваат на јавното отворање. Пред отворањето се сочинува евидентен лист за присуство за секој овластен преставник (име и презиме, број на овластување и потпис).
Купувачот може да го ограничи бројот на овластени претставници на понудувачот ако учествува со повеќе од еден.

12. Евалуација на понудите

Евалуацијата се врши врз основа на доставената документација и утврдените критериуми за избор. Предмет на евалуација ќе биде вкупната цена без ДДВ.

13. Доверливост на процесот на евалуација на понудите

Зависно од природата и специфичноста на набавката во работата на Комисијата можат да бидат вклучени и други стручни лица.
Никакви информации, во поглед на разгледувањето, оценките, споредбите на понудите во процесот на евалуација не смеат да се откријат на понудувачи или лица кои службено не се вклучени во постапката.

14. Однесување на службени лица

Купувачот се обврзува за доследна примена на највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапката за набавка - услуга по овој повик како и при реализација на договорот со најповолниот, избраниот понудувач, како од членовите на комисијата за јавни набавки така и од одговорните лица. Истата обврска важи и од страна на понудувачите.

15. Корупциско, измамничко однесување

Доследно ќе се применуваат највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапката за набавка, реализација на договорот како од страна на одговорното лице на Купувачот, Комисијата за набавки, стручните лица кај Купувачот, така и од страна на Понудувачот.

16. Појаснување и контакти со понудувачот

Комисијата за јавни набавки во периодот на разгледување и оценување на понудите, може писмено да побара од понудувачот појаснување на неговата понуда на што понудувачот писмено одговара.

17. Корекција на грешки

Доколку Комисијата за јавни набавки утврди аритметички грешки во понудата ќе изврши соодветна корекција која е задолжителна за Понудувачот. Во случај на разлика помеѓу цените или збирови изразени во бројки и зборовите валидни ќе биде вредноста изразена во зборови. Извршената корекција, предходно опишана и во согласност со понудувачот, се смета обврзувачка за него.

18. Доделување на договор

Врз основа на критериумите за избор на најповолен понудувач утврдени со повикот и тендерската документација, Купувачот ќе донесе Одлука за избор на најповолна понуда.

19. Известување за избор или неизбор на најповолна понуда

Сите понудувачи писмено ќе бидат известени за извршениот избор или не избор на најповолен понудувач.

20. Квантитативен и квалитативен прием на предметот на договор

**Квантитативниот прием** ќе се врши согласно одредбите од моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација.

**Квалитативниот прием** ќе се врши согласно одредбите од моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација

21. Потпишување на договор

По правосилност на донесената Одлука за извршен избор на најповолен понудувач, Договорниот орган и избраниот понудувач/и потпишуваат договор.

Овластеното лице на понудувачот треба да го потпише (парафира) понудениот модел на договорот во тендерската документација, со што потврдува дека ги прифаќа договорените услови, во случај да биде избран за најповолен понудувач и да го достави во прилог на понудата.

22. Банкарска гаранција на понудата (гаранција за учество)

Во прилог на понудата, понудувачот задолжително доставува Банкарска гаранција на понудата, која треба да е во оригинална форма, неотповиклива, безусловна, платива на прв повик во висина од најмалку 4.500.000,оо денари за понуда за двата дела, односно за понуда за Дел 1 - 1.700.000,оо денари, а за ДЕЛ 2 - 2.800.000,оо денари, во корист на АД Електрани на Северна Македонија – Скопје. Трошоците за проследување на гаранцијата се на товар на Понудувачот.

Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

Договорниот орган ја наплаќа банкарската гаранција на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка, согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или

- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Банкарската гаранција треба да е со важност за не помалку од 14 дена, сметано од денот на истекот на важноста на понудата.

Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на банкарската гаранција.

Банкарската гаранција им се враќа на понудувачите кои не се избрани за најповолни во рамките на периодот на нејзината важност.

Банкарската гаранцијата на понудувачот чија понуда е избрана за најповолна му се враќа откако ќе го потпише договорот за јавна набавка и ќе достави гаранција за квалитетно извршување, доколку истата се бара.

23. Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот

Согласно Член 8 од Моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација.

Прилог бр. 1 Образец на Понуда по Јавен оглас број 01-1/2025 објавен од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје, за набавка на масло за горење - мазут М1

# П О Н У Д А

Понудувач: ______________________________________________

(Назив, име и презиме или шифра на понудувачот и неговo седиште)

Адреса:______________________________________________

Контакт лице, телефон и е-маил: ______________________________

Даночен број______________________

Матичен број ______________________

По разгледувањето на тендерската документација, ја доставуваме нашата понуда за Мазут М-1 НС, кој одговара на техничката спецификација Прилог 3, заедно со сета барана придружна докуметнација.

ФИНАНСИСКИ ДЕЛ НА ПОНУДА за ДЕЛ 1 - Мазут за РЕК Битола:

| 1 | 2 | 3 | 4* | 5 | 6 (4*- 5) | 7 | 8 (6+7) | 9 (3x8) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Подруж-ница | Количина во килограми (кг). | Единечна цена на мазут без ДДВ | Попуст во ден./кг на Единечната цена на мазут | Единечна цена со вклучен попуст во МКД /кг | Превоз МКД/кг | Вкупна единеч-на цена МКД/кг | Вкупна цена без ДДВ |
| 1. | РЕК Битола | 5.500.000 | | | | | | |
| Вкупно на паритет ДДП без вклучен ДДВ | | | | | | | | |
| ДДВ 18% | | | | | | | | |
| Вкупно на паритет ДДП со ДДВ | | | | | | | | |

4* - Единечна цена на мазут – Масло за горење М-1 НС, согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија , која важи на денот на објава на огласот во дневните весници, без ДДВ, а со акциза и други трошоци, во МКД/кг

Вкупната цена на нашата понуда за ДЕЛ 1 без вклучен ДДВ изнесува:______________________

Со зборови:______________________________________________

______________________________________________

ФИНАНСИСКИ ДЕЛ НА ПОНУДА за ДЕЛ 2 - Мазут за РЕК Осломеј:

| 1 | 2 | 3 | 4* | 5 | 6 (4*- 5) | 7 | 8 (6+7) | 9 (3x8) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Подруж-ница | Количина во килограми (кг). | Единечна цена на мазут без ДДВ | Попуст во ден./кг на Единечна та цена на мазут | Единечна цена со вклучен попуст во МКД /кг | Превоз МКД/кг | Вкупна единеч-на цена МКД/кг | Вкупна цена без ДДВ |
| 1. | РЕК Осломеј | 8.600.000 | | | | | | |
| Вкупно на паритет ДДП без вклучен ДДВ | | | | | | | | |
| ДДВ 18% | | | | | | | | |
| Вкупно на паритет ДДП со ДДВ | | | | | | | | |

4* - Единечна цена на мазут – Масло за горење М-1 НС, согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија, која важи на денот на објава на огласот во дневните весници, без ДДВ, а со акциза и други трошоци, во МКД/кг

Вкупната цена на нашата понуда за ДЕЛ 2 без вклучен ДДВ изнесува:____________________

Со зборови:________________________________________

________________________________________________

Во прилог доставуваме оригинална банкарска гаранција на понудата, на износ од ____________________ денари, издадена од ________________________________, со важност до _______________. *(согласно точка 22 од Тендерската Документација)*

Нашата понуда важи во рок од _______ *(минимум 30 дена)* од датумот на јавното отварање за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во било кое време пред истекот на тој рок.

Начин, рок и услови на плаќање: согласно одредбите од Моделот на договор во прилог.

Квалитет на мазутот: Понудениот мазут е во согласност со регулативата во РСМ.

Динамика на испорака: согласно одредбите од Моделот на договор во прилог

Гаранција: Согласни сме да доставиме банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

1. Име на производителот и земја на потекло: ____________________________

2. Име на производителот и земја на потекло: ____________________________

3. Име на производителот и земја на потекло: ______________________________

Одговорно лице на понудувачот
Име и Презиме

______________________________
(потпис и печат)

______________________________
М.П.

Прилог 2

Модел на Д О Г О В О Р
за набавка на стоки
по јавен оглас бр. 01-1/2025
за ДЕЛ __

СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ :

1. АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ул. "11-ти Октомври" бр.9, со ЕМБС 6023754 и ЕДБ 4030005560757, застапувано од Генералниот Директор, м-р Лазо Узунчев (во понатамошниот текст- Купувач) и

2. ________________________________________
ул.________________ бр. __, со ЕМБС ___________ и ЕДБ _________,
застапувано од ____________________________________________,
(во понатамошниот текст- Продавач)

1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е купопродажба и испорака на масло за горење - мазут М1, и тоа ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола и ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј, за дел __, со предмет на набавка Мазут за РЕК ______________________, согласно тендерската документација, техничката спецификација и понудата на Продавачот, наменет за Подружници на Купувачот во количина од: вкупно _________ тони.

Мазутот е произведен од: ________________________ (производител и земја на потекло).
Количините од став 1 на овој член се ориентациони и необврзувачки за Купувачот. Во текот на важноста на овој Договор, Купувачот го задржува правото да ги зголеми или намали количините зависно од своите потреби, а во рамките на планираните средства од член 2 на овој Договор.
Во случај во текот на времетраењето на овој Договор, со законска или подзаконска регулатива да се одобри за продажба и користење друг тип на мазут соодветен на предметот на набавка на овој Договор, Продавачот е должен да испорачува таков тип на мазут.
Независно од тоа за која подружница се однесува договорот, Договорниот орган го задржува правото, зависно од своите потреби, дел од потребите од мазут да ги насочи за испорака во останатите подружници на АД ЕСМ каде се користи мазут.

2. ЦЕНИ И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на овој договор без вклучен ДДВ како финансиска рамка согласно одлуката за јавна набавка, која изнесува: за ДЕЛ 1 - 174.400.000,оо денари, а за ДЕЛ 2 - 278.000.000,оо денари, со зборови: ______________ денари.
Вкупно ДДВ изнесува: __________,оо денари, со зборови: ____________ денари.
Вкупната вредност на овој договор со вклучен ДДВ изнесува: ________,оо денари; со зборови: _____________ денари.

Единечната цена на мазутот М-1 НС, се формира согласно:
- Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во која е пресметан ДДВ, акциза, зависни трошоци, попусти и истовар, на денот на испораката.

Попустот на единечната цена на мазутот изнесува _________ денари/ кг мазут и истиот ќе остане фиксен за времетаење на овој Договор.

Цената на превозот на мазутот е фиксна за времетраење на овој Договор и за РЕК __________ изнесува __________ МКД/кг, без пресметан ДДВ. Цената за транспорт ќе биде изразена како посебна ставка во секоја поединечнафактура.

3. РОКОВИ И ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА

Член 3

Количините утврдени во член 1 од овој Договор Продавачот се обврзува да ги испорачува сукцесивно, според потребите на Купувачот.

Испораките ќе се одвиваат исклучиво по писмена нарачка на Купувачот, која ќе ја содржи и дневната динамика искажана како "цистерни на ден", при што:

- рокот за започнување на испораките не може да е подолг од 48 часа од приемот на писмената нарачка.

Зависно од своите потреби, Договорниот орган задржува право, еднаш дадената нарачка да ја корегира во смисла на намалување на вкупната количина или промена на дневната динамика.

Писмената нарачка и евентуалните корекции по истата, Купувачот е должен да ги достави до Продавачот по факс или по електронска пошта.

4.НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Плаќањето по овој Договор ќе се врши:

- По извршена поединечна испорака, во рок од 30 дена сметано од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Купувачот .

5.ОТПРЕМНА ДИСПОЗИЦИЈА И ПРИМОПРЕДАЈНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 5

Продавачот се обврзува, договорените количини на мазут, да ги испорача на паритет, ДДП истоварено (согласно ИНКОТЕРМС 2020) во складиште во Подружница на Купувачот, согласно член 3 од овој Договор.

Продавачот го предава мазутот со пополнета испратница за течни горива, на која задолжително се пополнува, цело име и презиме, своерачен потпис на лицата кои го предаваат односно примаат мазутот.

Член 6

Реализацијата на договорот ќе биде во Подружниците РЕК Битола/РЕК Осломеј. Подружницата ќе назначи одговорни лица за квалитативно и квантитативно следење, како и за следење на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот и за тоа ќе го известат продавачот.

Обврска за следење на договорот, како и на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот има и Продавачот и за тоа навремено ќе го информира Купувачот.

Фактурите поткрепени со испратница, Продавачот ги доставува на архивата на Купувачот на следната адреса:

- За Дел1: За сите испораки за РЕК Битола АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Подружница РЕК Битола, Новачки пат 6б, Новаци, Битола.
- За Дел2: За сите испораки за РЕК Осломеј АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Подружница РЕК Осломеј, с. Осломеј, Кичево.

Во фактурата да се нагласи за која Подружница е наменет мазутот, како и број на договорот.

6.КВАНТИТАТИВЕН И КВАЛИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 7

При приемот на предметот на овој Договор, Купувачот е должен да изврши квантитативен и квалитативен прием.

Квантитативниот прием на мазутот (кој се испорачува од склад од Република Северна Македонија) ќе се врши врз основа на товарен лист, испратница, уверение за квалитет и кантарни белешки од мерењето на вагата на

Продавачот со наведен број на пломба, заверени од независна акредитирана куќа, сертифицирана кај институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

Квантитативниот прием на мазутот (кој се испорачува директно од увоз) ќе се врши врз основа на податоците од товарниот лист (ЦМР) и увозната царинска декларација издадена од Царинска Управа на Република Северна Македонија. Во случај на неусогласеност помеѓу податоците од товарниот лист (ЦМР) и увозната царинска декларација, преовладува податокот од увозната царинска декларација, издадена од Царинска Управа на Република Северна Македонија.
Квантитативниот прием се врши на следниов начин:

- Проверка на авто цистерна (а/ц)

Постапката започнува со пристигнување на автоцистерната на местото на истовар - Подружница на АД ЕСМ. По пристигнувањето, возачот на автоцистерната на одговорното лице за прием на мазутот му ги презентира документот Испратница за општа намена во која јасно е деклариран видот и квантитетот на мазутот кој е предмет на прием како и бројот на пломбата која се уништува (кине) непосредно пред самиот истовар.

Доколку се работи за увоз и дојде до потреба пломбата да биде уништена од страна на Царинската Управа на РСМ или било каква постапка од Државна институција, која како орган има ексклузивно право да го стори тоа, Договорниот орган ќе има обврска да испрати овластено лице да присуствува на лице место по примено известување од носителот на набавката.

- Визуелен прием на авто цистерната

Авто цистерната пред да се постави на мерниот уред - колска вага е потребно да се исчисти од секаков вид на нечистотија и додатен терет како што е кал, снег или слично кој терет би предизвикал грешка во мерењето и би дал неточни резултати.

Посебно се обрнува внимание на состојбата под платото на вагата истото да биде без присуство на нечистотии, кал, камења, и слично кои би влијаеле на мерните сензори и би предизвикале неточност во самото мерење.

Пожелно е вагата да биде покриена со настрешница и поставена во затворена просторија (хангар) како би се оневозможило надворешно влиание на точноста на мерењето (дожд, силен ветер и слично).
Платото на самата вага исто така е потребно да биде исчистено и по можност суво. Од него да бидат отстранети сите дадатни гореспоменати терети.

- Прво мерење на авто цистерната (бруто)

Откако ќе се провери авто цистерната возачот ја паркира на самата вага, при што внимава да не дојде до нагло закочување на авто цистерната на вагата што би предизвикало оштетување на истата како и намалување на точноста на мерењето и зголемување на времето потребно за создавање на рамнотежа на мерниот уред. Возачот ја напушта кабината и слегува од вагата, по постигнување на рамнотежа на мерниот инструмент и смирување на дигиталниот дисплеј (доколку го има) во времетраење од 5 до 10 секунди, се затвора првото мерење и таа вредност на масата во килограми се печати и претставува бруто вредност на мерената авто цистерна.

По извршеното мерење авто цистерната се упатува на истовар на истоварното место.

- Проверка на авто цистерна и второ мерење (тара)

По завршување на истоварот на мазутот се врши проверка од страна на овластеното лице на Подружницата на внатрешноста на автоцистерната т.е. дали е извршено целосното истоварање на мазутот во резервоарскиот простор на Подружницата. Доколку поради ниски температури и зголемена вискозност на мазутот сеуште во внатрешноста на бурето има остатоци од мазут потребно е лицата одговорни за прием да превземат чекори за целосно истоварање на истиот (подигање на клоцни на авто цистерната т.е зголемување на падот на бурето на авто цистерната).

Откако ќе се констатира дека е извршен истовар на целата количина авто цистерната се враќа на второ мерење или мерење тарата (празна авто цистерна) на мерниот инструмент - колска вага.

Постапката се повторува согласно точките Визуелен прием на авто цистерната и Прво мерење на авто цистерната (бруто), при што се добива печатена вредност за масата на празна авто цистерна во килограми која претставува тара вредност на мерената авто цистерна.

- Формирање на приемна количина

Разликата помеѓу измерената бруто вредност и тара вредност претставува нето приемна количина во килограми на мазут од страна на Подружницата на АД ЕСМ Согласно важечкиот Правилник за минимално - технички услови за деловните простории и простории во кои се врши трговија (Сл. Весник на РМ број: 21/2004, 54/2004, 79/2004 и 70/2007) дозволената грешка на мерниот инструмент - колска вага со класа на точност +/-0,2%. Со оглед на тоа дека за добивање на нето количина се вршат две мерења (полна и празна авто цистерна дозволената грешка е +/- 0,4% масени). Во случај доколку констатираната примена количина е поголема или помала за +/- 0,4 % масени од испорачаната количина при испорака потребно е да се изготви документ – „Протокол за усогласување" (кој е во прилог на овој Договор).

Купувачот ќе води „Протокол за усогласување" на количините на месечно ниво и врз основа на резултатите од истиот, Продавачот е должен да изготви одобрение или задолжение кои ќе го доставува до Купувачот во рок од максимално 3 работни дена по прием на Протоколот.

Купувачот при секоја испорака (согласно став 2 и став 3 од овој член), врши контролно мерење на својата вагата.
Купувачот до Продавачот мора да достави валиден сертификат издаден од Бирото за метрологија за исправност на мерилото со кое ја констатирал разликата.
Продавачот е должен по потпишувањето на овој договор до Купувачот да достави податоци за Акредитираната независна лабараторија и копија од Сертификатот издаден од Акредитираното тело.

За ДЕЛ 1: За испораки во подружница РЕК Битола, предмет на рекламација можат да бидат само разлики поголеми од +/- 0,4 масени проценти, и во ваков случај, дозволено е и трето контролно мерење, на празно возило во присуство на лице од Купувачот, на трета независна вага во царинскиот терминал во Битола (или друга вага која заеднички ќе ја договорат), при што, резултатите од оваа вага за измерено празно возило се обврзувачки за двете страни така што, за конечната количина на преземен мазут кој ќе биде фактуриран ќе се земат разултатите од мерењата (полно/празно) кај онаа страна чиј резултат е поблизок до мерењата на празно возило на третата независна вага.
Трошоците за контролното мерење ќе бидат фактурирани на Продавачот, а ќе ги сноси онаа страна чии мерења се понеточни од мерењата на контролната вага.
Продавачот е должен да ја разгледа рекламацијата за ДЕЛ 1 и најдоцна во рок од максимално 3 работни дена од денот на потпишување на Записникот, да се изготви книжно одобрение или задолжение за количините мазут, зависно од констатираната состојба.
За ДЕЛ 2: За испораки во подружница РЕК Осломеј, предмет на рекламација можат да бидат само разлики поголеми од +/- 0,4 масени проценти, при што преовладува вагата на Купувачот, без трето контролно вагање. Купувачот може да ги рекламира испорачаните количини, при што должен е да изготви записник за утврдените разлики меѓу декларираната и испорачаната количина на мазут. Записникот мора да биде потпишан од овластени лица од Купувачот и Продавачот, со полно име и презиме.
Продавачот е должен да ја разгледа рекламацијата за ДЕЛ 2 и најдоцна во рок од максимално 3 работни дена од денот на потпишување на Записникот, да изготви книжно одобрение или задолжение за количините мазут, зависно од констатираната состојба.

Квалитативниот прием се врши врз основа на сертификат за квалитет, кој Продавачот е должен да го достави заедно со испратницата за секоја поединечна испорака и изјава за сообразност согласно важечкиот Правилник за квалитет на течни горива, кој Продавачот е должен да ги достави заедно со испратницата за секоја поединечна испорака.
Покрај задолжителниот сертификат за квалитет и изјавата за сообразност, Купувачот го задржува правото да може да врши дополнителна квалитативна контрола од овластена институција во случај да оцени дека за тоа има потреба.
Дополнителната квалитативна контрола се врши со земање на примероци од количеството на мазут од неистоварено возило во присуство на претставниците на двете договорни страни, како и претставник на овластена контролна лабараторија.

Примероците се запечатуваат од претставниците на овластената контролна лабараторија и се составува записник за видот на стоката, забелешките на квалитетот, начинот на прием, податоци за транспортот и потоа се предава на овластената контролна лабораторија.
Трошоците за извршената контрола од претходниот став на овој член, паѓаат на товар на Купувачот, доколку резултатите од испитувањето се во согласност со карактеристиките од член 9 на овој Договор, односно ќе ги сноси Продавачот доколку тие не се во согласност со член 9.

## 7. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

За навремено и квалитетно извршување на договорот, Продавачот се обврзува да достави неотповиклива, безусловна банкарска гаранција платива на прв повик во висина од најмалку 9.000.000,00 денари за двата ДЕЛа,односно за ДЕЛ 1- 3.500.000,00 денари, а за ДЕЛ 2 – 5.500.000,00 денари.
Гаранцијата се доставува истовремено со потпишаниот договор во оригинална форма и истата е предуслов за полноважност на истиот.

Доколку Продавачот не ја достави гаранцијата во рокот определен во став 2 на овој член, Купувачот ќе ја активира банкарската гаранција на понудата што ја дал Носителот на набавката и еднострано ќе го раскине договорот.

Гаранцијата е со важност до целосно реализирање на Договорот.
Купувачот има право да побара наплата на целосниот износ по Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот доколку Продавачот постапува спротивно на било која од одредбите на Договорот,не исполни некоја од обврските согласно овој Договор, во рокот на стасаност или во случај на раскинување на овој договор по вина на Продавачот. Купувачот ќе побара наплата на гаранцијата со писмено известување во кое ќе се наведе дека Продавачот не постапува согласно договорените обврски. Притоа наплатата на гаранцијата ќе биде извршена без потреба од било какво објаснување или приложување на документација.
Во случај на измена на одредбите на овој Договор со кои се продолжува рокот за реализација на Договорот или се зголемена неговата вредност, Продавачот се обврзува соодветно да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на Договорот.
Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на Договорот, Купувачот му ја враќа на Продавачот во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

### Член 9

Продавачот гарантира дека Мазутот М-1 НС е со бараниот квалитет и дека го задоволува пропишаниот македонски стандард МКС.Б.Х2.430 со следните карактеристики:

- Вискозност на 100° С, мм$^2$/с.................................................мах 28
- Сулфур %, м/м ......................................................................мах 1
- Содржина на вода и седименти, % в/в......................................мах 1.0
- Содржина на пепел, % в/в .......................................................мах 0.2
- Содржина на кокс(Conradson)% м/м .........................................мах 12.0
- Точка на палење, °С .................................................................мин 80
- Релативна густина на 15 °С, кг/дм$^3$......................се наведува (0.950-0.980)
- Топлотна моќ, MJ/кг .................................................................мин 39.7
- Температура на испорачан мазут °С, ............................................ > 45

### Член 10

Доколку испорачаниот мазут не ги задоволува техничките карактеристики и стандарди согласно член 9, истиот ќе биде вратен, на товар на Продавачот и Продавачот е должен да го замени со мазут со карактеристики согласно член 9 во рок од 48 часа, а Купувачот е должен неистовареното возило да го стави на располагање на Продавачот.
Во случај од претходниот став, Купувачот задржува право и на едностран раскин на Договорот, со писмена најава без отказен рок.

### Член 11

Доколку продавачот не е во можност да испорачува мазут од производителите, декларирани во неговата понуда (прилог кон овој договор), кое писмено ќе го образложи и ќе побара од купувачот,

дозвола да испорачува мазут од друг производител, при што мазутот мора да ги задоволува техничките карактеристики на член 9 и квантитативниот и квалитативниот прием ќе се врши согласно член 7 од овој договор.
Купувачот треба најдоцна во рок од еден ден да го разгледа писменото образложение и барање доставено од продавачот и доколку истото не е во спротивност на одредбите од овој договор, писмено да го одобри.
Разгледувањето на писменото образложение и барање доставено од продавачот, како и одговорот на истото, ќе се изврши од Подружницата каде се реализира договорот.

8.<u>ДОГОВОРНА КАЗНА</u>

Член 12

**Доколку Продавачот не ги почитува договорените рокови, не ги исполнува или неуредно ги исполнува обврските предмет на овој Договор Продавачот ќе му плати на Купувачот договорна казна во висина од 0,1% од вредноста на неиспорачаниот Мазут за секој започнат ден задоцнување, неизвршување или неуредно извршување на договорот но не повеќе од 5 % од вкупната вредноста на овој Договор со ДДВ.**

За износот на договорната казна Купувачот ќе му достави на Продавачот фактура, која Продавачот е должен да ја плати во рок од 8 дена од денот на нејзиниот прием во неговата архива. Продавачот се обврзува дека за задоцнето плаќање на фактурата од овој став да му исплати на Купувачот и законска казнена камата за секој ден задоцнување.

Купувачот се обврзува без одлагање да му соопшти на Продавачот, дека го задржува своето право на договорна казна поради задоцнување, неисполнување или неуредно исполнување на обврските од овој Договор, ако го прифати исполнувањето на обврските.
Наплатата на договорна казна, не го ослободува Продавачот од одговорноста да плати и претрпена штета.

9.<u>ВИША СИЛА</u>

Член 13

За целите на овој Договор, терминот "Виша сила" означува било каков неизбежен и непредвидлив настан, околност (кој ниту можел да се предвиди ниту да се спречи) надвор од контрола на договорните страни и кој се случил по влегувањето во сила на овој Договор и кој го попречува разумното исполнување на истиот.
За виша сила во смисла на овој договор ќе се сметаат елементарни непогоди, вооружени конфликти, терористички напади, саботажи, епидемии итн.
Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло, во случај кога ќе настане Виша сила која го попречува или забавува извршувањето на овој Договор.
Страната засегната од настанот на Виша сила е должна во рок од 48 часа, писмено да ја извести другата страна за отпочнувањето и завршувањето на горенаведените околности, со наведување на причините за Вишата сила што, во случај на сомнеж, треба да се докаже од страна на надлежните органи.

10.<u>ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ</u>

Член 14

Договорот влегува во сила со потпишување на договорот од двете договорни страни,доставување банкарска гаранција наведена во Член 8 од истиот и по целосна реализација/прекинување/раскинување на активниот договор со ист предмет на набавка, доколку договорниот орган има постоечки активен договор со ист предмет на набавка.

Договорот се склучува за времетраење до исполнување на вкупната вредност на Договорот утврдена во член 2 од овој Договор како финансиската рамка.

Член 15

Договорот може да се раскине и пред рокот на важноста на овој Договор доколку една од договорните страни не ги извршува обврските од Договорот, како и во случаи предвидени со закон, со претходно писмено известување за раскинување на Договорот.
За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, друга законска и подзаконска регулатива во РСМ што ја регулираат материјата, предмет на овој

Договор.
Измени и дополнувања на овој Договор се вршат со анекс на Договорот.
Сите евентуални спорови ќе се решаваат спогодбено, во спротивно спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

Член 16

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2(два) за секоја договорна страна.

Продавач
______________________
______________________
*Управител*
______________
______________________

Купувач
*АД Електрани на Северна Македонија*
*во државна сопственост Скопје*
*Генерален директор*
м-р Лазо Узунчев
______________________

Директор на Сектор за комерцијални работи:
Виктор Јовановски ___________

Директор на Сектор за финансиски работи:
Иван Стојановски_________

Потврдуваме дека ги
прифаќаме одредбите
од моделот на договор

______________________
Понудувач
потпис и печат

Прилог бр.3

Образец на Изјава за прифаќање на услови од тендерот

# И З Ј А В А

Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме условите од тендерската документација во врска со :

Јавен оглас број 01-144/2025 објавен од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје, за набавка на **Мазут, и тоа: ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола и ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј** објавен на ден ________________во ____________________________ врз основа на кои ја поднесуваме нашата понуда.

Согласни сме и со сите услови кои претставуваат составен дел на моделот на договор.

место и датум ______________________________

______________________________
име презиме, потпис *и печат*

Прилог број 4
Јавен оглас број 01-144/2025 објавен од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје, за набавка на Мазут, и тоа: ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола и ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј

## И З Ј А В А
## дека во последните пет (5) години не ми е изречена правосилна судска пресуда

Јас _________________________ (име и презиме), во својство на _________________ (се пополнува во кое својство е лицето), , изјавувам, дека не постојат причини за отфрлање на нашата понуда, односно дека на понудувачот _________________ (полн назив на понудувачот) или на лице кое е член на управниот или на надзорниот орган на _________________ (назив на истиот понудувачот) или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

Место и датум
_____________________

_____________________
име презиме, потпис *и печат*

ПРИЛОГ 5. - Техничка спецификација

По Јавен оглас број 01-144/2025 објавен од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје, за набавка на **Мазут, и тоа: ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола и ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј**

Количина на јавна набавката: **вкупно 14.100 тони**, од кои за:

ДЕЛ 1: Мазут за РЕК Битола 5.500 тони и
ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј 8.600 тони
Количините се ориентациони и не обрвзувачки.

Мазутот М-1 НС треба да е со квалитет, кој го задоволува пропишаниот македонски стандард <u>МКС.Б.Х2.430</u> со следните карактеристики:

- Вискозност на 100° С, мм$^2$/с........................................ ................ мах 28
- Сулфур %, м/м ...........................................................................мах 1
- Содржина на вода и седименти, % в/в............... .................................мах 1.0
- Содржина на пепел, % в/в ..........................................................................мах 0.2
- Содржина на кокс(Conradson)% м/м .......................................мах 12.0
- Точка на палење, °С ...........................................................................мин 80
- Релативна густина на 15 °С, кг/дм$^3$..........................................се наведува (0.950-0.980)
- Топлотна моќ, MJ/кг .................................................................... мин 39.7
- Температура на испорачан мазут °С, ............................................. > 45

Согласни сме дека ќе испорачуваме мазут согласно нашата понуда и техничките карактеристики утврдени со законска регулатива во Република Северна Македонија.

Место и датум

______________________________  ______________________________

име презиме, потпис *и печат*

## Прилог кон Договор - Протокол за усогласување за месец _____/_______

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **реден број** | **број на фактура** | **дата на фактура** | **количина (кг) по фактура** | **количина (кг) по вага на РЕК** | **разлика кг (4-5)** | **0,4 масени проценти од колона 4** | **разлика за рекламација (кг) (6-7)** | **број на договор** |
| 1 | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | |
| | | **ВКУПНО:** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | |

**Изработил:** ____________________

**Проверил:** ____________________

**Контролирал:** ____________________

Подружница
Помошник Директор на Сектор Комерција

____________________